Врз основа на член 76-а став 1 и 2 алинеја 5 ,член 76-ѓ, член 77-а став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в став 1, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ, од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20), член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Битола бр.01-15/1 од 18.01.2022 година, како и Согласност од Министерство за финансии на Република Северна Македонија бр. 19-1692/2 од 24.01.2024 година, Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БР. 01/2024**
**за вработување на неопределено работно време на 1 (едно) лице давател на услуги во културата**

Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола објавува јавен оглас за вработување на 1 (едно) лице, давател на услуги во културата, за следното работно место:

1. **Стручен работник за рановизантиски период, Кустос**, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002, во Одделение за археологија, етнологија, историја и современа уметност, Сектор за музејска дејност и движно културно наследство, со број на извршители „1”.

Кандидатот треба да ги исполнува следните:

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на културата-од областа на Хуманистички науки и уметности, Историја и археологија;
- До една година работно искуство.

Распоред на работно време:
- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: од 08:00 до 16:00 часот

Паричен нето износ на плата: 43.109,00 денари

**НАПОМЕНА:** Предвидените вработувања за работните места согласно годишниот план на институцијата за 2024 година се: Македонец/ка.

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола или на web – страната на институцијата www.muzejbitola.mk.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат во оригинал или заверени на нотар:

- Уверение за државјанство;
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место;
- Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Доказ за завршено образование;
- Доказ за работно искуство.

**Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.**

Постапката за селекција за вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

**Ненавремени и некомплетни пријави и документи нема да се разгледуваат.**

Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола, заклучно со последниот ден до 15:30 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„за оглас“ на адреса Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола, ул. Климент Охридски 18, 7000 Битола, Република Северна Македонија.**